АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Октомври 2025** **Бр.10**

## Францускиот амбасадор Кристоф Ле Риголер во работна посета на АВМУ



Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Зоран Трајчевски, на 27 октомври во просториите на Агенцијата оствари работна средба со амбасадорот на Република Франција во земјава, Н.Е. г. Кристоф Ле Риголер.

Во рамки на средбата, соговорниците разговараа за повеќе прашања од областа на медиумската регулација, со посебен акцент на зголемувањето на присуството на француски аудиовизуелни содржини кај телевизиите што се реемитуваат во земјава, како и на усогласувањето на националното законодавство со европската правна рамка, особено во делот на Актот за дигитални услуги (Digital Services Act – DSA).

На средбата беше разговарано и за неопходноста од измени и усогласување на Изборниот законик, со кои би се надминале постојните недостатоци и би се одразиле современите состојби во изборниот и медиумскиот контекст. На крајот на средбата, директорот Трајчевски и амбасадорот Ле Риголер ја потврдија заложбата за продлабочување и интензивирање на соработката меѓу Агенцијата и амбасадата на Франција.

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025

### Изготвен извештај за предизборното медиумско претставување од 10 август до 28 септември 2025

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 7 октомври, го објави Извештајот од мониторингот на радиодифузерите во периодот од распишување на изборите до почетокот на кампањата за Локалните избори, односно од 10 август до 28 септември 2025 година. Со мониторингот беа опфатени девет национални телевизиски програмски сервиси – МРТ 1, МРТ 2, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Компани 21-М и ТВ 24 Вести. Акцентот беше ставен врз централното издание на вестите, како и врз посебните информативни емисии (интервјуа, дебати, соочувања) и врз другите информативни програми поврзани со подготовките за изборите. Наодите од мониторингот покажаа дека во овој период не се констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик.

### Потсетување на медиумите за обврските од Изборниот законик за изборната кампања

Во октомври медиумите беа потсетени на роковите за објавување анкети за двата круга од Локалните избори 2025, кои се објавуваат најдоцна пет дена пред гласањето со задолжително наведување на нарачателот, изведувачот, методологијата и периодот на спроведување. Тие беа потсетени и на правилата за изборниот молк, кога е дозволено само информирање за текот на гласањето, без емитување содржини што претставуваат изборно медиумско претставување или можат да влијаат врз избирачите.

### Поведени прекршочни постапки поради непочитување на Изборниот законик

Поради надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање на 30 септември, 2, 3 и 4 октомври 2025 година, за време на првиот круг од Локалните избори 2025, Советот на Агенцијата поведе прекршочна постапка против ТВ Гурра. Спротивно на Изборниот законик, телевизијата емитуваше платено политичко рекламирање за Коалицијата ВЛЕН и за Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ повеќе од 4 минути (240 секунди) на реален час.

Поради прекршување на изборниот молк во првиот круг од Локалните избори 2025, Советот на Агенцијата, врз основа на мониторингот на изборното медиумско претставување, поведе прекршочни постапки против ТВ 24 Вести, ТВ Вистел, ТВ Компани 21-М и ТВ Шутел. На 19 октомври, ТВ 24 Вести и ТВ Вистел емитуваа изјави од министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, носител на јавна функција, со што го прекршија изборниот молк. ТВ Компани 21-М на 18 октомври емитуваше реприза на дебатна емисија со кандидати за градоначалник на Општина Центар, а ТВ Шутел на 18 и 19 октомври емитуваше музички спот и документарна емисија со учество на кандидат за градоначалник на Општина Шуто Оризари.

### ТВ содржини прилагодени за лица со попреченост за време на Локалните избори 2025

Агенцијата на 1 октомври информираше дека Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво коишто емитуваат платено политичко рекламирање, согласно член 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик, треба да обезбедат пристапен формат за лицата со попреченост и на својата веб страница го објави распоредот на пристапни содржини кои медиумите ќе ги емитуваат за време на Локалните избори 2025.

Сите информации за Локалните избори 2025 се достапни на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk, во банерот „Локални избори 2025“.



## СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ

### АВМУ најостро го осуди навредливиот говор на Зоран Божиновски

Агенцијата на 7 октомври, преку соопштение за јавност, најостро го осуди навредливиот и недостоен говор што главниот и одговорен уредник на „burevesnik.info“, Зоран Божиновски, кој го упатува кон новинари и новинарки на социјалната мрежа Фејсбук. Во соопштението меѓу другото беше нагласено дека неговите објави содржат исклучиво навреди и клевети, без аргументи, со цел дискредитација и понижување на медиумските работници, што претставува грубо нарушување на етичките стандарди и принципите на пристојна и одговорна јавна комуникација.

### Основниот граѓански суд одби дел од тужбата на Левица против АВМУ

На 8 октомври преку соопштение за јавност беше информирано дека Основниот граѓански суд Скопје, на 3 октомври, донесе Решение со кое како неоснован го одби предлогот од тужбата на политичката партија Левица против АВМУ за издавање привремена мерка со која на АВМУ ќе ѝ се забрани: до комерцијалните медиуми да го достави Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година, а до Државната изборна комисија – да го достави извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР), врз основа на кој ДИК ги распределува и исплаќа средствата за ППР. Агенцијата го усвои Упатството со единствена цел да обезбеди јасни и прецизни насоки за радиодифузерите при примената на членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, кој ја уредува распределбата на времето за ППР. Содржината на Упатството е строго условена од одредбите на Изборниот законик, кој експлицитно ги пропишува бројот на минутите за ППР, нивната распределба и субјектите меѓу кои се распределува. Агенцијата нема ниту можност, ниту овластување да излегува надвор од овие рамки, да доделува поголеми права од предвидените или да пропишува поинакви правила од оние утврдени со Законикот. Во соопштението беше посочено дека Левица е парламентарна партија со своја пратеничка група и сигурно знае дека Изборниот законик може да се измени само во Собранието, каде пратениците можат да поднесат предлог за негова измена. Воедно беше истакнато дека иако партијата и нејзиниот лидер континуирано и неосновано ја напаѓаат Агенцијата со недоличен и навредлив говор, АВМУ останува доследна на својата единствена цел – професионално и законито спроведување на своите надлежности.

### Управниот суд ја отфрли тужбата на Левица против АВМУ

Преку соопштение за јавност, Агенцијата на 9 октомври информираше дека Управниот Суд, на седницата одржана на 6 октомври, донесе Решение со кое ја отфрли тужбата на политичката партија Левица за поништување на Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година, донесено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во образложението на Решението на Управниот суд, меѓу другото е наведено дека Агенцијата во согласност со своите надлежности како јавен орган донела Упатство со кое го пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби од Изборниот законик“. Со донесеното Упатство се појаснува начинот на примена на одредбите од Изборниот законик за распределба на времето за платено политичко рекламирање, распределба на времето во вестите кај Јавниот радиодифузен сервис, бесплатното политичко претставување на Собранискиот канал и за обезбедување пристапност на содржините за изборниот процес. Со ова, како и со претходно донесеното Решение на Основниот граѓански суд – со кое како неоснован се одбива предлогот на политичката партија Левица за издавање привремена мерка за забрана на доставување на Упатството до комерцијалните медиуми, како и за доставување на извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање до ДИК – само уште еднаш се потврдува дека Агенцијата постапува согласно законските прописи и професионално ги спроведува законските решенија.

## НАДЗОРИ ВРЗ РАДИОДИФУЗЕРИ, ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

### Радиодифузери

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши контролни програмски надзори врз ТВ Канал Феста, ТВ Плус и ТВ Ускана Медиа за почитување на обврските за емитување изворно создадена програма, како и дополнителен надзор врз ТВ Ускана Медиа за употребата на јазикот во програмата. Надзорите утврдија дека сите телевизии целосно постапиле по изречените јавни опомени и ги отстраниле утврдените прекршувања.

### ОЈЕКМ

Агенцијата изврши редовни програмски надзори врз операторите Глобалсат и КДС-Кабел Нет за почитување на обврските за задолжително и бесплатно реемитување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за регистрацијата и титлувањето на програмите што се реемитуваат. Надзорот покажа дека операторот Глобалсат ги реемитувал програмските сервиси „Viasat Nature“, „Viasat Explorer“ и „Viasat History“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација издадена од Агенцијата, поради што Советот на Агенцијата на 15-тата седница одржана на 20 октомври му изрече мерка јавна опомена. Врз операторот Вива Нет од Берово беше спроведен вонреден програмски надзор, при што беше констатирано дека не го испорачува континуирано сигналот со иста содржина до регионалната локација за прибирање сигнали, како што пропишува ЗААВМУ, со што не е обезбедена редовна дистрибуција на сигналот до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје.

### Печатени медиуми

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши редовни административни надзори врз издавачите на печатени медиуми Капитал Медиа Гроуп („Капитал“), Медиум Боја 43 („Штипски глас“), Културно здружение Визиони М („Шења“), Народен лекар и Зенит Прес Плус („Зенит“). Предмет на надзорите беше почитувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми, кој предвидува обврска за објава на податоци за издавачот, уредништвото, печатницата, датумот и бројот на примероци. При надзорите не беа констатирани прекршувања на Законот за медиуми.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018